MQS
Partner of Quality Austria

Бр. 12-1134/1
17.02 год. 2020

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција од познат подносител – физичко лице од ----------- на 27-та седница одржана на ден 14 февруари 2020 година донесе

**Одлука**

Пријавата за корупција бр. 12- 3570/1 од 16.07.2019 година на подносителот ---------------- -------------- од ---------- се отфрла.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема основ за нејзино надлежно постапување во предметот со број 12-3570 од 2019 година оформен врз основа на пријавата бр. 12- 3570/1 од 16.07.2019 година.

Предметот со број 12-3570 од 2019 година да се затвари и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Примерок од одлуката да се достави до подносителот на пријавата

Образложение

Предметот со број 12-3570 од 2019 година е оформен врз основа на добиена пријава бр. 12- 3570/1 од 16.07.2019 година, од познат подносител, физичко лице – --------------- ------------- од ----------------.

Со пријавата се изразува незадоволство од висината на сметките со кои на подносителката, во повеќе наврати, во тек на неколку години и се засметуваат високи износи за остварен телефонски сообраќај при користење на услуги на мобилна телефонија од еден од операторите во Република Северна Македонија. Истовремено, со пријавата се изразува сомневање за неоснованоста на пресметаните износи во месечните сметки, по однос на што подносителката го користела правото на приговори, остварувала комуникација за заштита на своите права како краен корисник со надлежниот регулаторен орган – Агенцијата за електронски комуникации, а последователно водела и судска постапка од чиј исход, исто така останала, незадоволна.

При разгледувањето на предметниот случај Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) ги зема во предвид наводите на подносителката на пријавата, вклучително и за тоа дека неосновано била задолжувана за потрошувачка и користење на "посебни услуги" - донирања преку мобилната телефонија кои, како што наведува, не ги користела, меѓутоа оцени дека во конкретниот случај се работи за облигационен /договорен

однос по однос на кој се предвидени соодветни начини за негово регулирање, односно и остварување на заштита по судски пат, а која и била остварена, помеѓу другото и со склучување на судско порамнување преку постапка пред надлежен суд.

Врз основа на сите околности на предметниот пријавен случај, Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека наводите од пријавата не укажуваат на корупција - злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг од страна на избрани лица, ниту дека се работи за случај на корупција во трговските друштва во смисла на членот 71 од Законот за спречување на корупцијата и сидирот на интереси.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Одлучено на ден 14 февруари 2020 година под бр. 12- 1134 /1**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Катица Николовска**

Доставено до :

- Архива
- Подносителот


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk